Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 59, 3 мај 2011 година

мај 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научната област финансово право на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно - научното подрачје клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на асистенти од областа машинство на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање виш предавач за научната област цитологија, хистологија и хумана генетика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 18

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во научно звање виш предавач за наставна област применета кинезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 27

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСОВО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на седницата одржана на 6.4.2011 година донесе Одлука бр. 1602-51/4 од 7.4.2011 година за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област финансово право на Правниот факултет во состав:

1. проф. д-р Стеван Алексоски – редовен професор (претседател);
2. проф. д-р Милан Илиески – редовен професор во пензија (член);
3. проф. д-р Трајче Мицески - редовен професор (член).

Рецензентската комисија по разгледувањето на приложените материјали и презамените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 18.3.2011 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област финансово право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се пријави само кандидатот доц. д-р Љупчо Блажевски.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатот навремено, во предвидениот рок утврден во Конкурсот, ја достави својата пријава со потребните документи. Пријавата на кандидатот доц. д-р Љупчо Блажевски, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба.

***Биографски податоци***

Кандидатот **доц. д-р Љупчо Блажевски** е роден на 1 август 1951 година во Скопје, каде завршува основно и средно образование.

По завршувањето на средното образование се запишува на Економски факултет во Скопје, каде дипломира во 1977 година.

Студирањето го продолжува на Правен факултет во Скопје, каде се запишува на постдипломски студии и магистрира во 1981 година.

Со успешната одбрана на докторската дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје на тема „Правно-социолошкиот аспект на пазарните законитости и пазарни модели во трговските друштва“ се стекнува со научен степен - **доктор на правни науки,** на 27 август 2004 година.

Истата година, кандидатот доц. д-р Љупчо Блажевски е избран за наставник во звање доцент по предметот Социологија на право од страна на Матичната комисија на Државниот универзитет во Тетово на Правен факултет.

Од 2004 до 2006 година, кандидатот бил член на Сенатот на Државниот универзитет во Тетово.

Од 2007 година со Одлука на Матичната комисија за основање на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е избран за наставник во звање доцент по предметот Основи на економијата на Правен факултет. Доц. д-р Љупчо Блажевски во 2008 година е избран за член на Сенатот при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во делот на педагошката работа учествува како ментор или член на комисија за одбрана на над 20 дипломски работи.

Во делот на стручната и научната дејност објавува повеќе стручни и научни трудови и учествува во работата на повеќе стручни и научни семинари и конференции.

**Список на стручни и научни трудови по првиот избор**

1. „Правно-социолошкиот аспект на пазарните законитости и пазарни модели во трговските друштва", докторска дисертација, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2004 година.
2. „Регионален аспект на развојот", Здружение за одржлив развој, Скопје, Министерство за локална самоуправа, Скопје, 2005 г.
3. „Правниот аспект на пазарните законитости", Здружение за одржлив развој, Скопје, Министерство за локална самоуправа, Скопје, 2005 г.
4. „Заштита на пазарната конкуренција во Република Македонија", КОСМО - иновативен центар, Скопје, 2006 г.
5. „Финансии и финансово право", „Арбеба" - Тетово, 2006 година (Државен универзитет Тетово).
6. „Социологија на право", скрипта за интерна употреба, Државен универзитет Тетово, 2005 г.
7. „Методологија на правни акти", Државен универзитет Тетово, 2005 г.
8. „Основи на економија" (скрипта за интерна употреба), Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2007.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев'' во Штип, според чл.17 од Правилникот, кандидатот доц. д-р Љупчо Блажевски ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ +САОР):

- наставно-образовна (НО) = 99;
- нааучноистражувачка (НИ) = 20;
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 45;
- вкупна актива (НО+НИ +САОР): =164 поени.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев'' во Штип, како и од покажаните резултати во наставно-образовната, научноистражувачката дејност и апликативната дејност, Комисијата констатира дека се евидентни резултатите на кандидатот доц. д-р Љупчо Блажевски.

Според Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев'' во Штип, според чл.17, кандидатот доц. д-р Љупчо Блажевски ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање вонреден професор во областа финансовото право.

Тој покажува голема способност за наставно- научна работа (НО), научноистражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организациско-развојна активност (САОР), поради што може да се констатира дека го надминува потребиот квантум да биде избран во наставничко звање зашто има остварено вкупно 164 поени од НО+НИ +САОР.

Рецензенската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, **кандидатот д-р Љупчо Блажевски да го избере во наставничко звање - вонреден професор во областа финансово право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Стеван Алексоски – претседател, с.р.
Проф. д-р Милан Илиески – член, с.р.
Проф. д-р Трајче Мицески – член, с.р.

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Љупчо Блажевски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Позитивно рецензирани скрипти од предавања, збирка задачи или практикуми | 3 | 8 | 24 |
| Интерна скрипта од предавања | 3 | 4 | 12 |
| Издавање наставни содржини и помагала во електронска форма | 3 | 6 | 18 |
| Научно-популарна статија во весник | 4 | 0,5 | 2 |
| Ментор за одбрана на дипломска работа (макс.7) | 7 | 1 | 7 |
| Предавања (неделен просечен фонд) | 6 | 1,5 | 9+2=11 |
| Рецензент на соработници и наставници | 9 | 1 | 9 |
| Ментор за одбрана на магистерски труд | **2** | **3** | 6 |
| Одржани консултации на постдипломски студии | **4** | **2** | 8 |
| Член на комисија за одбрана на магистерски труд | **2** | **1** | 2 |
| **Вкупно** | | | 99 |
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Дел од монографија на албански јазик | 2 | 6 | 12 |
| Труд со оргинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 6 | 1 | 6 |
| Учество во научен проект | 1 | 2 | 2 |
| **Вкупно:** | | | **20** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Стручна монографија | 3 | 3 | 9 |
| Труд во стручно (научно популарно) списание | 2 | 2 | 4 |
| Член на наставно-научен совет | 1 | 2 | 2 |
| Член на Универзитетски сенат при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | 1 | 5 | 5 |
| Член на Универзитетски сенат при Државен Универзитет Тетово -Тетово | 1 | 5 | 5 |
| Предвач на научен собир | 4 | 2 | 8 |
| Декан на Правен факултет при Државен Универзитет Тетово -Тетово | | | 12 |
| **Вкупно:** | | | **45** |
| **Вкупно НО+ НИ + стручно-апликативно** | | | 164 |